www.tezaurliturgic.ro

# АКАТИСТ НА СВЕТИТЕ

# ПРЕЧИСТАНСКИ ПРЕПОДОБНОМАЧЕНИЦИ

# ЕВНУВИЈ, ПАИСИЈ И АВЕРКИЈ

## Кондак: 1

Вас преподобни отци, кои од младини срцата на Бога Му ги предадовте и како три неовенливи цвета израснавте во Пречистанската градина на Божјата Мајка, кои не поскаувавте ништо минливо и суетно, денес ве гледаме како небесни жители на рајот. Откако не се исплашивте од смртта и маченички венец примивте, верата православна до крај ја запазивте, затоа и во прегратката Авраамова вечен спокој најдовте, а ние со радост гледајќи на вашиот со љубов принесен маченички подвиг, пееме:

Радувајте се тројца, свети Пречистански преподобномаченици, чувари на православната вера!

## Икос: 1

Ангел пазител долета при преподобниот Аверкиј и откако го извести за маченичкиот подвиг што ќе го прими, го изведе до манастирската порта да го види мноштвото иноверни Агарјани, кои се искачуваа кон манастирот. Старецот пак Евнувиј, се зарадува во духот, чуствувајќи дека наскоро ќе се сретне со Бога, а богопросветениот монах Пајсиј ревносно копнееше да Го посведочи најслаткиот Христос. Гледајќи ги ние сега овие три цвета во градината на Божјата Мајка, пееме вака:

Радувајте се, неовенливи цветови израснати во градината на Божјата Мајка!

Радувајте се, зашто сиот свој живот на Христа Бога го предадовте!

Радувајте се, суетите на светот ги победивте!

Радувајте се, демонските лаги ги замразивте!

Радувајте се, за маченичката смрт бевте известени!

Радувајте се, на небото од ангелите бевте дочекани!

Радувајте се, маченииштвото беше најблагата вест што ја примивте!

Радувајте се, собеседници на ангелите и сопричесници на мечениците!

Радувајте се, зашто се вброивте во небесниот хор на светиите!

Радувајте се, како штитови подигнати за одбрана на побожноста ве гледаме!

Радувајте се, богомудри чувари на православието!

Радувајте се, страв и посрамување на неверните!

Радувајте се тројца, свети Пречистански преподобномаченици, чувари на православната вера!

## Кондак: 2

Како херувим со огнен глас, телесно иплашениот Аверкиј, на херувимската песна дотрча во манстирската црква, глаголејќи дека озлобена чета Агарјани се наближува кон светата обител. Свештенослужителот Пахомиј стравувајќи да не бидат осквернети Светите Дарови, се упати кон блиската шума, низ солзи барајќи заштита од Пречистата Мајка за својата обител и братство. А мноштвото верни оставајќи ги трите цвета, расцветани за својот Христос, кон Бога, Кој сѐ премудро устроил, извикуваа: Алилуија!

## Икос: 2

Останувајќи во манастирот, тројцата монаси, иако телесно многу различни, но духовно сплотени се радуваа што Бог ги предодредил за такво маченичко дело, па низ солзи просеа сила за достојно да го завршат подвигот и како првини на мачениците од Пречистанската обител, да бидат закрилени под покривот на Пресветата Богомајка, а ние гледајќи ја сега нивната вера со висок глас пееме:

Радувајте се, зашто никоја земна сила не успеа духовно да ве расколеба!

Радувајте се, зашто до смртта не сакавте да се одвоите од домот на Пресветата Мајка!

Радувајте се, зашто ниту старската немоќ, ниту младешката колебливост не успеаа да ви го одземат маченичкиот венец!

Радувајте се, миомирисни цветови принесени пред Бога од Пречистанската обител!

Радувајте се, и во смртта останавте послушни на своето братство!

Радувајте се, ни демонската злоба не го победи вашето смирение!

Радувајте се, ни иноверната жетокост не ја расколеба вашата вера!

Радувајте се, никогаш не ја напуштивте градината на Божјата Мајка!

Радувајте се, до крајот на овоземниот живот за Бога сведочевте!

Радувајте се, омилена пофвало на монасите!

Радувајте се, патеката на замниот живот испоснички ја изодивте!

Радувајте се, вашите тела како жртва благопријатна на Бога Му ги принесовте!

Радувајте се тројца, свети Пречистански преподобномаченици, чувари на православната вера!

## Кондак: 3

Озлобените Агарјани, поттикнати од таткото на гревот - ѓаволот, откако ја опустошија светата обител, не ги наситиа своите лукави срца, па расрдени од вашата светост, со немилосрдост се нафрлија на вашите немоќни тела, а вие радосни што животот маченички го завршувавте, со радост на Бога Му пеевте: Алилуија!

## Икос: 3

Знајќи дека не треба да се плашите од оние што телото го убиваат, а на душата не можат ништо да и направат, јуначки ги трпевте маките од рацете агарјански. Гледавте кон небеста, од каде помош секогаш ви пристигаше, и со благодарни песни Бога Го славословевте. А ние, гледајќи ја вашата непобедлива смелост, низ песни ви пееме вака:

Радувајте се, душите на Христа Бога со радост Му ги принесовте!

Радувајте се, од злобата агарјанска не се уплашивте!

Радувајте се, само кон Спасителот на душите повикувавте!

Радувајте се, зашто телесната болка за ништо ја сметавте!

Радувајте се, исповедници на верата, во времето на отстапништвото се покажавте!

Радувајте се, таткото на гревот - ѓаволот го победивте!

Радувајте се, исповедници на верата православна постанавте!

Радувајте се, за живот во Христа Бога пострадавте!

Радувајте се, со смртта во горниот Ерусалим се преселивте!

Радувајте се, ангелските воинства се восхитуваа на вашето смирение!

Радувајте се, зашто агарјанската прелест и злочестие ги изобличивте!

Радувајте се, со светлината на својот живот на замјата блеснавте!

Радувајте се тројца, свети Пречистански преподобномаченици, чувари на православната вера!

## Кондак: 4

Како некогаш трите момчиња во Ваваилон, кои беа фрлени во вжарената печка, избавени од силата на огнот, Бога Го славословеа, така и сега трите цвета на Пречистанската обител, бидејќи избавени од вечниот оган на пеколот и закитени со венците на вечната слава, Го славословеа Бога велејќи: Алилуија!

## Икос: 4

Ако некогаш во Вавилон, Бог ги ороси со ситна роса трите момчиња и не дозволи силниот оган да им наштети, сега гледаме како во планината над Кичево тројцата подвижници се наситуваат од чашата на маченииштвото, бидувајќи оросени од предвкусот на рајот. Гледајќи како е посрамена агарјанската завист, како некогаш идолите во Вавилон, со торжествен глас, кон нововброените во Христовото стадо, повикуваме смело:

Радувајте се, на подвигот на трите вавилонски момчиња се угледавте!

Радувајте се, од пламенот на пеколот се избавивте!

Радувајте се, со рајска роса бевте поросени!

Радувајте се, за вкусот на рајот знаевте уште на земјата!

Радувајте се, чашата на маченииштвото до крај ја претрпевте!

Радувајте се, станавте слава за градот Кичево!

Радувајте се, со венци на слава бевте овенчани!

Радувајте се, со радосен глас во страдањата кон Бога повикувавте!

Радувајте се, агарјанската злоба ја посрамивте!

Радувајте се, голема пофалба на Црквата Православна се покажавте!

Радувајте се, со крвта ваша земјата пречистанска ја осветивте!

Радувајте се, зашто заштита и бедем на татковината наша постанавте!

Радувајте се тројца, свети Пречистански преподобномаченици, чувари на православната вера!

www.tezaurliturgic.ro

## Кондак: 5

Агарјаните посрамени од трпението на овие тројца подвижници и ожесточени од нивното жеднеење за маченичка смрт, откако целосно го разореа манастирот и храмот го запалија, од портата надвор ги изнесоа и по долгото мачење крај манастирската чешма ги погубија. А ние, гледајќи како до смртта овие тројца останаа смирени и безгласни, како што јагнето е безгласно пред своите стрижачи, на Бога, Кој им дарува маченички венци, низ солзи радосници Му пееме: Алилуија!

## Икос: 5

Озлобени против силата на нашата вера Православна и не можејќи да ја разберат желбата на тројцата монаси да пострадаат за Христа Бога, злобните Агарјани, мислејќи дека ќе ја уништат Пречистанската обител, ја направија уште пославна, обогатувајќи ја Црквата Христова со уште тројца маченици. А ние созерцавајќи како тагата се претвора во радост, на новоброените во маченичките редови им воскликнуваме вака:

Радувајте се, зашто со крвта своја Бога Го посведочивте!

Радувајте се, преминавте во живот вечен!

Радувајте се, зашто го послушавте гласот на Добриот Пастир!

Радувајте се, крстот свој до крајот храбро го износивте!

Радувајте се, агарјанската злоба за нас во радост ја претворивте!

Радувајте се, постанавте пример за родот православен!

Радувајте се, ја прославивте Пречистанската обител!

Радувајте се, како утеха на монасите се појавивте!

Радувајте се, како цврста карпа над Кичево се издигнавте!

Радувајте се, како пофалба на монасите се објавивте!

Радувајте се, зашто во рајската градина се накалемивте!

Радувајте се, од небеските сокови се напојувате!

Радувајте се тројца, свети Пречистански преподобномаченици, чувари на православната вера!

## Кондак: 6

Гледајќи ве како за Христа храбро пострадавте и главата своја за верата православна ја изгубивте, ве величаме зашто славниот Павле во подвигот го подражававте и од мечот на противникот не се исплашивте. Агарјанската бес ја посрамивте и како бессилна ја покажавте, а на Бога, Кој за таков подвиг ве удостои, непрестано Му повикуваме: Алилуија!

## Икос: 6

Знаејќи само за љубовта кон Бога, богодолично обожуван во Три Лица, вие како Таков со непоколеблив ум Го исповедавте пред злочестивите мухамеданци, изобличувајќи ја нивната нечестива вера, а сега заради вашата боговдахновена мудрост и ненадминлива храброст, примете ги овие пофалби од нашите усти:

Радувајте се, вие кои знаевте само за љубовта во Троичниот Бог!

Радувајте се, непоколебливи исповедници на Света Троица!

Радувајте се, маченичкиот пат на божествиениот Павле го изодивте!

Радуавјте се, како златосјани ѕвезди на Христовото небо се покажавте!

Радувајте се, лутината агарјанска за вас во радост се претвори!

Радувајте се, откако телото на лути маки го предадовте, во горниот Ерусалим се населивте!

Радувајте се, злобата непријателска ни за миг не ве расколеба!

Радувајте се, нечестието неверничко во целост го изобличивте!

Радувајте се, храбри воини, кои во небесната војска се вброивте!

Радувајте се, како три духовни столба до небото се издигнавте!

Радувајте се, Лествицата на Јакова на ангелски крилја ја изодевте!

Радувајте се, со сиромавиот Лазар во прегратака на Авраама се населивте!

Радувајте се тројца, свети Пречистански преподобномаченици, чувари на православната вера!

## Кондак: 7

Смирениот Пахомиј откако службата Божја ја заврши и даровите на Бога во благодарност ги принесе, со духот узна што во неговта обител се случило. Со длабока тага, за сѐ Бога славејќи Го, заедно со своето братство во својот опустошен манастир се врати. Та откако ги видоа телата на тројцата свои соподвижници, кои Божјата Мајка како мирисни цветови, од својата Пречистанска градина ги набра, за како дар на Христа Бога да Му ги принесе, во духот се зарадуваа и со силен глас извикаа: Алилуија!

## Икос: 7

Како три столба на Пречистанската обител ве гледаме сега, вас преподобни отци маченици, кои како три крина од Пречистата Мајка избрани, на Христа Бога Му се принесовте. Како три духовни бисери срцата на вашите собраќа ги развеселивте и во книгата на Животот се запишавте, затоа и ние сега ви повикуваме вака:

Радувајте се, како образ на трпение и кротост се покажавте!

Радувајте се, најголема утеха за духовните постанавте!

Радувајте се, како три крина од градината на Божјата Мајка на Христа Бога Му се принесовте!

Радувајте се, како најголема радост на Пречистанската обител се јавивте!

Радувајте се, како три светила над Кичевската област блеснавте!

Радувајте се, мирисни венци на слава примивте!

Радувајте се, во хорот на мачениците се вброивте!

Радувајте се, тивко молитвено пристаниште на монасите постанавте!

Радувајте се, како неразрушлива карпа на родот православен ве гледаме!

Радувајте се, во земното тело живот ангелски пројавивте!

Радувајте се, божествена рожба на Пречистанската обител се покажавте!

Радувајте се, како дар од Кичевските краеви се принесовте!

Радувајте се тројца, свети Пречистански преподобномаченици, чувари на православната вера!

## Кондак: 8

Откако дознавме за маченичкиот подвиг на овие три светила, со очите свои кон Царицата Небесна да погледнеме и со радосен глас пофални песни да и запееме, зашто посака со Пречистански цветови на својот Христос венец да Му принесе, а на Христа Бога, Кој нашиот род православен не го заборави, да Му извикаме: Алилуија!

## Икос: 8

Љубовно пристаниште на духвна утеха за сите верни постанавте, пресвети отци маченици, зашто со вашата смрт Пречистанската обител ја прославивте и агарјанската заблуда ја изобличивте! Како топла утеха на родот наш поробен се покажавте и како светило на врв планина, за Христа засветивте! Поразени и ние од вашиот љубовен принос, радосни химни ви пееме вака:

Радувајте се, блескави небесни светила, од Божјата Мајка избрани!

Радувајте се, како неовенлив венец тројцата на Христа Му се принесовте!

Радувајте се, под Небесното Сонце – Христос со маченииштвото заблескавте!

Радувајте се, со смртта ваша, родот наш православен во Вистината го утврдивте!

Радувајте се, мракот на агарјанкото ропство го победивте!

Радувајте се, со крвта маченичка измиени, на Бога чисти Му се предадовте!

Радувајте се, за љубовта во Бога со животот посведочивте!

Радувајте се, зашто злобата иноверна, во радост во Христа ја преточивте!

Радувајте се, украси на Црквата Православна!

Радувајте се, слава на татковината наша постанавте!

Радувајте се, во духовниот рај како плодордни дрвја се накалемивте!

Радувајте се, од духовниот мрак избавени, како собеседници на ангелите во духовниот рај се покажавте!

Радувајте се тројца, свети Пречистански преподобномаченици, чувари на православната вера!

## Кондак: 9

Трите цвета набрани од градината на Божјата Мајка, белобрадиот старец Евнувиј, воинствениот Пајсиј и божествениот ревнител Аверкиј, завршувајќи го храбро маченичкиот подвиг, со неовенливи венци на слава се овенчаа и за вечен спокој достојни се покажаа. Со својата крв живот вечен придобија и во небесниот Ерусалим се населија! Ние пак, гледајќи ги така неиспитливите патишта на Божјата промисла, со висок глас пееме: Алилуија!

## Икос: 9

Мудрите беседници од овој свет онемеа пред храброста на вашиот подвиг, и откако во своите усти не пронајдоа збор достоен, со кој можат да ја опишат вашата љубов кон Христа Бога, како безгласни риби се покажаа. Ние пак охрабрени од вашата пожртвуваност, од нечисти усти пофхвала ви принесуваме:

Радувајте се, кринови во вечната пролет расцветани!

Радувај се, богомудар старецу Евнувие, кон маченички подвиг за Христа Бога, браќата Аверкиј и Пајсиј ги предводеше!

Радувај се, богопросветен подвижнику Пајсие, доследно кон смртта старецот Евнувиј го следеше и Аверкија го охрабруваше!

Радувај се, богоизбран ревнителу Аверкие, од старецот Евнувиј се поучуваше и од сотрудникот Пајсиј за љубовта во Христа учеше!

Радувајте се, вие тројца монаси, како жртва благопријатна пред Христа се принесовте!

Радувајте се, како омаен мирис кон Бога се издигнавте!

Радувајте се, триструна харфа на Светиот Дух станавте!

Радувајте се, како омилена мелодија на монасите прозвучивте!

Радувајте се, како приспивна песна во Бога на испосниците протековте!

Радувајте се, како молитвена надеж на подвижниците се запишавте!

Радувајте се, вистински пример во подвигот дадовте!

Радувајте се, богомудри отци, зашто имињата ваши кон светиите се запишаа!

Радувајте се тројца, свети Пречистански преподобномаченици, чувари на православната вера!

## Кондак: 10

Со сопствената крв имињата во редот на светиите си ги запишавте и за блаженство на третото небо се удостоивте. Во рајот со светиите се веселите и во вечното присуство на слаткиот Христос, за Кого животот го положивте, непрестано се радувате. Сега, пак, ве гледаме со хорот на мачениците, како кон Преблагиот Господ непрестано повикувате: Алилуија!

## Икос: 10

Страдајќи со љубов за Христа Бога, во најтешките маки бевте утешени со предвкусот на рајот, та насладени од вечната убавина на Царството на Љубовта, во подвигот се утврдивте и секоја лажна намера на нечестивиот ја разобличивте. Овенчани со победоносни венци од ангелските хорови сте воспевани, а ние како подражатели на небесните химни, ви пееме вака:

Радувајте се, непобедлив бедем на верата православна станавте!

Радувајте се, од рајската наслада уште на земјата вкусивте!

Радувајте се, во надежта на својот Христос не се посрамивте!

Радувајте се, од вечната убавина се храните!

Радувајте се, од ангелските хорови сте воспевани!

Радувајте се, со вашите страдања Христа Бога Го прославивте!

Радувајте се, како нова слава на Црквата Православна се покажавте!

Радувајте се, нова заштита на верните постанавте!

Радувајте се, прекрасен пример во трпението ни дадовте!

Радувајте се, од телесната немоќ не се обесхрабривте!

Радувајте се, човечката слабост ја надминавте!

Радувајте се, сопричасници на Небесната Литургија во горниот Ерусалим се покажавте!

Радувајте се тројца, свети Пречистански преподобномаченици, чувари на православната вера!

## Кондак: 11

Како некогаш тројцата мудреци во Витлеем, и вие сега, преподобни отци, на Младенецот Христа Му се поклонивте и најскапоцени дарови Му принесовте. Место злато - љубов беспрекорна покажавте, место ливан - надеж непосрамлива принесовте, место смирна - вера непоколеблива исповедавте! Од најдлабоката ризница на срцето, најскапоцениот дар - животот го изнесовте. А ние на Бога, Кој тајните ризници на човекот ги познава, Му славословиме: Алилуија!

## Икос: 11

Најслаткиот Христос, откако со радост ги прими вашите скапоцени дарови, со неискажлива слава и големо величие ве обдари! Ковчежињата на вашите срца со божествена благодат ги нали и душите ваши со духовно веселие ги напои. Од иродовата злоба на Агарјаните ве избави и патот кон нераспадливото живеалиште ви го осветли. Осветлени и ние од Вечната Светлина, за која бевте удсотоени, со радосен глас вакви пофалби ви принесуваме:

Радувајте се, пред Младенецот Христа се поклонивте!

Радувајте се, како најскапоцен дар вашата жртва од Бога беше прифатена!

Радувајте се, животот земен за вечен го заменивте!

Радувајте се, приносот ваш пред Бога како избавување го гледаме!

Радувајте се, од Непресушниот извор се напоивте!

Радувајте се, од Најслаткиот кладенец се засладивте!

Радувајте се, со подвигот ваш посјајно од злато заблескавте!

Радувајте се, со крвта маченичка како со најксапоцен ливан се помазавте!

Радувајте се, со трпението ваше послатко од секоја смирна замирисавте!

Радувајте се, Незаодната Ѕвезда – Христа Го следевте!

Радувајте се, во Вечната Татковина се населивте!

Радувајте се, под Вечниот Исток се засолнивте!

Радувајте се тројца, свети Пречистански преподобномаченици, чувари на православната вера!

## Кондак: 12

Откако видовме како Христос изобилно ве обдари со неовенливи венци на слава и величие, вас, тројцата преподобномаченици, Евнувие, Пајсие и Аверкие, како незаодни ѕвезди на небото над горниот Ерусалим ве гледаме. Откако животот го положивте и подвигот добро го завршивте, со смелост пред Господа се здобивте; Него сега молете Го за народот наш православен и за сите нас, кои со вера непрестано извикуваме: Алилуија!

## Икос: 12

Пеејќу Му на Бога, Кој преку вас чудесно се прослави, ве фалиме вас, кои верни на Христа останавте. Барајќи збор во своите усти, подвизите ваши ги воспеваме и смртта ваша ја величаме. Гледајќи како на две седмици пред Пасха со Христа воскреснувате, ги славиме Неговите неиспитливи патишта и вас радосно ве воспеваме:

Радувајте се, нови молитвеници пред Бога, за родот наш постанавте!

Радувајте се, со славните отци пред престолот на Бога застанавте!

Радувајте се, неиспитливите патишта на Бога ги следевте!

Радувајте се, чудната промисла на Христа ја испитавте!

Радувајте се, со мечничката крв, душата повторно во Христа ја крстивте!

Радувајте се, со Христа не две седмици пред Пасха се сретнавте!

Радувајте се, постот најдобро го завршивте!

Радувајте се, како најголема радост за нас се покажавте!

Радувајте се, сите ветени блага ги наследивте!

Радувајте се, со љубов кон Христа нашите срца ги озаривте!

Радувајте се, монасите на подвиг ги поттикнавте!

Радувајте се, свештеничката ревност ја засиливте!

Радувајте се тројца, свети Пречистански преподобномаченици, чувари на православната вера!



## Кондак: 13

О сехвални угодници Христови, преподобномаченици, Евнувие, Пајсие и Аверкие, примете го ова мало наше молење, кое од недостојни усти во пофалба вам ви го принесуваме и сега, стоејќи пред престолот на Севишниот Цар на Славата, просете богоугодно да поживееме тука на земјата и текот на животот добро да го завршиме, та зедно со вас во Царството Небесно на Бога да Му пееме: Алилуија! (Овој кондак се чита три пати).

## Икос: 1

Ангел пазител долета при преподобниот Аверкиј и откако го извести за маченичкиот подвиг што ќе го прими, го изведе до манастирската порта да го види мноштвото иноверни Агарјани, кои се искачуваа кон манастирот. Старецот, пак, Евнувиј се зарадува во духот, чуствувајќи дека наскоро ќе се сретне со Бога, а богопросветениот монах Пајсиј ревносно копнееше да Го посведочи најслаткиот Христос. Гледајќи ги ние сега овие три цвета во градината на Божјата Мајка, пееме вака:

Радувајте се, неовенливи цветови израснати во градината на Божјата Мајка!

Радувајте се, зашто сиот свој живот на Христа Бога го предадовте!

Радувајте се, суетите на светот ги победивте!

Радувајте се, демонските лаги ги замразивте!

Радувајте се, за маченичката смрт бевте известени!

Радувајте се, на небото од ангелите бевте дочекани!

Радувајте се, маченииштвото беше најблагата вест што ја примивте!

Радувајте се, собеседници на ангелите и сопричесници на мечениците!

Радувајте се, зашто се вброивте во небесниот хор на светиите!

Радувајте се, како штитови подигнати за одбрана на побожноста ве гледаме!

Радувајте се, богомудри чувари на православието!

Радувајте се, страв и посрамување на неверните!

Радувајте се тројца, свети Пречистански преподобномаченици, чувари на православната вера!

## Кондак: 1

Вас преподобни отци, кои од младини срцата на Бога Му ги предадовте и како три неовенливи цвета израснавте во Пречистанската градина на Божјата Мајка, кои не поскаувавте ништо минливо и суетно, денес ве гледаме како небесни жители на рајот. Откако не се исплашивте од смртта и маченички венец примивте, верата православна до крај ја запазивте, затоа и во прегратката Авраамова вечен спокој најдовте, а ние со радост гледајќи на вашиот со љубов принесен маченички подвиг, пееме:

Радувајте се тројца, свети Пречистански преподобномаченици, чувари на православната вера!

++++++++++++++++++++

## МОЛИТВА КОН СВЕТИТЕ ПРЕЧИСТАНСКИ ПРЕПОДОБНОМАЧЕНИЦИ ЕВНУВИЈ, ПАЈСИЈ И АВЕРКИЈ

Прбододобни отци, Евнувие, Пајсие и Аверкие, заштиници на родот наш православен, слушнете ги нашите молитви и бидете милостиви кон нас грешните, та со смелоста што пред Бога ја добивте, молете се да бидеме избавени од робувањето на ѓаволот и злочестивите замки на нечестивиот да ги откриеме! Земете нѐ под неовенливите венци на славата, што ги добивте и заштите нѐ од погубните страсти на телото. Не дозволувајте мечти на сластољубие да нѐ обземат и погубни мисли да не измачуваат. Помогнете ни слабоста на телото да ја надминеме и со духот кон Бога да се издигнеме. Сочувајте ги нашите срца неосквернети и молитвите наши плодоносни направете ги!

О, велики преподобномаченици, како најголема утеха во Бога ве гледаме, зашто не престанувате за нас да се молите. Не позволувајте гревовната тага да нѐ обземе и мракот на беззаконието да нѐ пороби. Молете се постојано за монасите во целомудрие да се сочуваат, свештениците во ревност да служат, а епископите со кротост да поучуваат. Народот наш изнамачен не го заборавајте и под своја заштита приберете го, зашто вас како единствена надеж од родот наш, пред Бога ве имаме, та затоа со поклони постојано кон вас приоѓаме. Обителта наша Пречистанска запазаете ја и татковината наша од наезда на иноплемен народ заштитете ја. Најпосле, спомнете си и за нас недостојните раби, кои ова молење ви го принесовме и како најнедостојни од сите созданија се покажавме. Па заедно сите на Триединиот Бог, за Кого пострадавте, слава да Му оддаваме постојано, низ деновите на овој век и во вечноста на идниот. Амин!

Свети Пречистански пребододобномаченици,
Евнувие, Пајсие и Аверкие, молете Го Бога за нас!